# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 02 Год. XXVII 13 Февруари 2024 година примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk


Содржина 35-та седница

**Дневен ред за триесет и петата седница на Советот на општина Василево**


1. Одлука за ко-финансирање на проект: Основен проект филтер станица за прочистување на вода за пиење за селските населби: Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија – Општина Василево ---------------------------------------------------------2
2. Одлука за ко-финансирање на проект: Основен проект реконструкција на улица во с.Василево од мал парк „Методиј Митев" до клучка за с.Пиперево и с.Добрејци ------------------------------------------------------------------------------------2
3. Одлука за ко-финансирање на проект: Основен проект фекален канализационен систем за с.Василево, Општина Василево --------------------------3
4. Давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев" Василево ------------------------------------------------4
5. Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2024 година --------------------------------5
6. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства, поднесено од Ловечко друштво „Скоруш" од Куклиш -------------------------------------------------6
7. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства, поднесено од Дејан Андонов од Василево ----------------------------------------------------------------7
8. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства, поднесено од Џамиски одбор од Градошорци ---------------------------------------------------------------7
9. Донесување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2023 година------------------------------8
10. Донесување на Одлука по барање за финансиски средства, поднесено од Мемет Исинов од Градошорци--------------------------------------------------------------9

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за ко–финансирање на проект : Основен проект филтер станица за прочистување на вода за пиење за селските населби: Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија – Општина Василево**

Се објавува Одлуката за ко – финансирање на проект: Основен проект филтер станица за прочистување на вода за пиење за селските населби: Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија – Општина Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-245/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За ко–финансирање на проект : Основен проект филтер станица за прочистување на вода за пиење за селските населби: Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија – Општина Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува дека општина Василево ќе има сопствено учество од 26% (780.000 денари) од вкупната вредност од проектот, основен проект филтер станица за прочистување на вода за пиење за селските населби: Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија – Општина Василево.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во ,, Службен гласник на општина Василево’’ .

08-245/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

--------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за ко–финансирање на проект : Основен проект реконструкција на улица во с.Василево од мал парк „Методиј Митев” до клучка за с.Пиперево и с.Добрејци**

Се објавува Одлуката за ко–финансирање на проект: Основен проект реконструкција на улица во с.Василево од мал парк „Методиј

Митев” до клучка за с.Пиперево и с.Добрејци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-246/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за ко–финансирање на проект : Основен проект реконструкција на улица во с.Василево од мал парк „Методиј Митев” до клучка за с.Пиперево и с.Добрејци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за кофинансирање на проект реконструкција на улица во с.Василево од мал парк „Методиј Митев” до клучка за с.Пиперево и с.Добрејци од км 0+ 561,75 до км 1+315,05 км, Општина Василево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за реконструкција на улица во с.Василево од мал парк „Методиј Митев” до клучка за с.Пиперево и с.Добрејци од км 0+ 561,75 до км 1+315,05 км во висина од 20 % (1.556.386 денари) од вкупната вредност на проектот ,а остатокот на финансиски средства ќе бидат побарани за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година, Министерството за локална самоуправа.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на општина Василево’’ .

08-246/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за ко–финансирање на проект : Основен проект фекален канализационен систем за с.Василево, Општина Василево**

Се објавува Одлуката За ко–финансирање на проект: Основен проект фекален канализационен систем за с.Василево, Општина Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.
08-148/2 Општина Василево

08-247/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За ко–финансирање на проект : Основен проект фекален канализационен систем за с.Василево, Општина Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за кофинансирање на проект Основен проект фекален канализационен систем за с.Василево, Општина Василево, за колектори К8 ,К7 и К10.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за изградба на фекален канализационен систем за с.Василево, Општина Василево, за колектори К8 ,К7 и К10 во висина од 21 % (1.115.179,29 денари) од вкупната вредност на проектот а остатокот на финансиски средства 79 % ќе бидат побарани од програма за инвестирање во животната средина за 2024 година, Министерство за животна средина.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „ Службен гласник на општина Василево’’

08-247/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев” Василево**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев’’ Василево, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-248/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 20 а и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор (Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ " бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/2019; 14/2020) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник

на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 12.02.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев” Василево за 2024 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев” Василево за 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево’’.

08-248/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2024 година**

Се објавува Одлуката за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2024 година, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-249/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1)точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 215/21) ), и член 14 став 1 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои имсе доставува целосна или извод од процената (“Службен весник на Република Македонија“ бр.13/11) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2024 година**

**Член 1**

Да се ажурира Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности.

**Член 2**

Регионалниот центар за управување со кризи Струмица да ги координира активностите за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Василево“.

08-249/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ловечко друштво „Скоруш” од Куклиш**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Ловечко друштво „Скоруш” од Куклиш, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-250/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на Ловечко друштво „Скоруш” од Куклиш**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 10.000 денари на Ловечко друштво „Скоруш” од Куклиш, за организирање ловечка вечер.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2024 година, а ќе се исплатат на сметка на Ловечко друштво „Скоруш” од Куклиш.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-250/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Дејан Андонов од Василево**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Дејан Андонов од Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-251/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Дејан Андонов од Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 10.000 денари на Дејан Андонов од Василево, поради опожарени 4 фолии, една капка за наводнување, 62м главно црево, 70 чепови, едно платно најлон.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2024 година, а ќе се исплатат на сметка на Дејан Андонов од Василево.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-251/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

--------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Џамиски одбор од Градошорци**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства Џамиски одбор од Градошорци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-252/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

----------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на Џамиски одбор од Градошорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 50.000 денари на Џамиски одбор од Градошорци, за купување на клима уред кој ќе се користи за просториите на џамијата во населено место Градошорци.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2024 година, а ќе се исплатат на сметка на здружението ,,Али Бег” од Градошорци.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-252/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2023 година, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-253/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

----------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција,**

**одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2023 година**

1.Советот на Општина Василево го усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево”.

08-253/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Мемет Исинов од Градошорци**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Мемет Исинов од Градошорци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 12.02.2024 година.

08-254/2 Општина Василево
13.02.2024 Градоначалник
година Славе Андонов

-----------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 12.02.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на Мемет Исинов од Градошорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 30.000 денари на Мемет Исинов од Градошорци, изградба на една соба за живеење.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2024 година, а ќе се исплатат на сметка на Мемет Исинов од Градошорци.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-254/1 Совет на Општина
13.02.2024 Василево
година претседател
Ристо Делијанов